МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *МУЗИЧКА УМЕТНОСТ*

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗБОРНИ ПРОГРАМИ И СОДРЖИНИ ЗА II ГОДИНА**

Скопје, 2002 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет :** *музичка уметност*

**1.2. Вид на средно образование:** *гимназиско*

**1.3. Година на изучување:** *втора*

**1.4. Број на часови:**
- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет**
1.5.1. Задолжителна изборна програма и содржина

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**2.1. Општа цел на музичката уметност** е кај учениците да се проширува интересот и љубовта за музичката уметност, да се збогатува знаењето за уметничкото и народното музичко творештво – македонскиот фолклор, да се развива способноста за активно слушање на музички дела и умеења за нивната анализа. Музичката култура да се збогатува преку поттикнување на интересот за посета на опера, балет, концерти и други музички активности. Преку придонесот на музичката уметност како значаен дел од фолклорот, кај учениците да се развива чувство на припадност на заедницата во која живее и твори и да се создаде естетски сензибилитет за доживување, интерпретирање и творење согласно индивидуалните склоности и насочување за идното професионално определување.

**2.2. Посебни цели на наставата по музичка уметност**

- Учениците да препознаваат и наведуваат факти од историјата на музиката од романтизмот до модерното време;
- да ги прошируваат знаењата за народното и уметничкото творештво;
- да идентификуваат стилски карактеристики на музиката за разни периоди од нејзиниот историски развиток;
- да препознаваат и доживуваат естетски содржини на вредни дела од историјата на музиката;
- да наведуваат сознанија за животот и творештвото на претставниците од одредени периоди;
- да разликуваат карактеристики на музичко-сценски дела (комични, трагични и др.);
- да парафразираат знаења од музичката теорија;
- да разликуваат разни музички форми;
- да споредуваат разни сегменти од структурата на музичкото дело;
- да се приспособуваат за естетско вреднување на вокалното и инструменталното интерпретирање во народните и уметничките песни и други музички дела;
- да ја објаснуваат основната функција и значењето на музиката во филмот и драмата;
- да ги идентификуваат основните карактеристики на современата музика и примената на модерната технологија во музиката;
- да препознаваат и откриваат нови можности за музички израз;
- да се приспособуваат за продолжување на образованието и учење низ целиот живот;
- да го збогатуваат естетскиот сензибилитет на сопствената личност и способноста за колективна работа и одговорност,- учество во хор, оркестар и други музички состави.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешна реализација на програмските задачи, потребно е учениците континуирано да го развиваат интересот кон музичката уметност и одредени стручни, естетски и психофизички способности за музичко изразување, стекнати во прва година и низ содржините и активностите во разни музички институции (опера, балет и др.) мајчин јазик и литература, историја, ликовна уметност и др.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Содржина | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| 1. **ИСТОРИЈА НА МУЗИКАТА**<br><br>**Музички романтизам (појава и карактеристики)** | 47 часа | **Ученикот:**<br>- да ги идентификува причините за појавата на романтизмот во музиката;<br>- да даде осврт за сфаќањата и личните чувства на уметниците за животот и за уметноста;<br>- да препознава музички претставници на романтизмот. | - Презентирања на ликовни и музички илустрации, записи, слики и партитури на овој период;<br>- организирање групна работа: поврзување на знаењата од музичката уметност со знаењата од ликовната уметност, литературата, историјата и историјата на уметноста. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- мајчин јазик;<br>- ликовна уметност. |
| **Франц Шуберт** | | - Да наведува сознанија за животот и делото на Франц Шуберт (неговите соло-песни, симфонии, клавирски минијатури итн.);<br>- да разликува видови на соло песни. | - Насочување на учениците кон анализата на музичките дела;<br>- организирање групна работа (запознавање со соло-песни врз текстовите од познатите поети на романтизмот). | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Роберт Шуман** | | - Да репродуцира и изразува факти за животот и делото на Роберт Шуман;<br>- да ја развива способноста за активно слушање на делата од Шуман (клавирски композиции, солопесни и симфонии); | - Подготвување задачи за анализа и препознавање на музичките дела од Шуман;<br>- презентирање записи од енциклопедии, компјутерски записи и | - историја на музиката;<br>- литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го споредува творештвото на Ф.Шубер и Р. Шуман. | описи на семејството Шуман, како и интересни моменти од нивниот заеднички живот. | |
| **Феликс Менделсон** | | - Да идентификува карактеристики од животот и творештвото на Феликс Мендел-сон;<br>- да го споредува и разликува творештвото на Шуберт, Шуман и Менделсон. | - Подготвување групна форма на работа за анализа на творештвото на Менделсон и споредба на творештвата за Шуберт, Шуман и Менделсон | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Јоханес Брамс** | | - Да го препознава западноевропскиот симфонизам преку творештвото на Јоханс Брамс;<br>- да направи компарација помеѓу симфониите на Бетовен и симфониите на Брамс. | - Организирање групна форма на работа за анализа на творештвото на Брамс со посебен акцент на популарните “Унгарски танци”. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- ликовна уметност;<br>- мајчин јазик. |
| **Рихард Штраус** | | - Да ја дефинира модерната оркестрација преку творештвото и оркестарот на Р. Штраус;<br>- да набројува литературни дела врз кои Штраус напишал симфониски поеми;<br>- да препознава музичко-сценски дела на Р. Штраус. | - Подготвување задачи за анализа на оркестарски и музичко-сценски дела на Р. Штраус. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- ликовна уметност;<br>- мајчин јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Програмска и апсолутна музика** | | - Да ги објаснува основните карактеристики на програмската и апсолутната музика;<br>- да направи разлика помеѓу програмска и апсолутна музика. | - Поттикнување интерес за активно слушање на програмска и апсолутна музика со помош на аудио-визуелни средства, слики и цртежи;<br>- организирање посета на концерти. | - Историја на музиката;<br>- ликовна уметност;<br>- историја;<br>- мајчин јазик. |
| **Хектор Берлиоз** | | - Да наведува моменти и особености од животот и делото на Х. Берлиоз;<br>- да направи анализа со сопствени зборови на “Фантастична симфонија”. | - Организирање групна форма на работа на анализа на “Фантастична симфонија” со помош на аудио-визуелни помагала и слики од енциклопедии. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- ликовна уметност;<br>- мајчин јазик. |
| **Франц Лист** | | - Да поврзува естетски содржини од творештвото на Франц Лист преку запознавање со животот и творештвото на композиторот;<br>- да ги споредува главните одбележја на програмската музика преку творештвото на Берлиоз – Лист. | - Преку организација на групна форма за работа ги дополнува, насочување и продлабочува знаењата на учениците за творештвото на Берлиоз-Лист со презентација на разни записи и илустрации од енциклопедии и друга стручна литература. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |
| **Анализа на творештвото** | | - Да ги препознава и изразува со сопствени зборови, естетските вредности на музичките дела од претходните музички епохи. | - Подготвување аудио-визуелни средства и организира посета на концерти и други музички настани. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Операта во романтизмот – Италија, Германија, Франција** | | - Да ги препознава карактеристиките на операта во романтизмот;<br>- да споредува особености помеѓу италијанската, германската и француската опера. | - Давање основни информации за карактеристиките на овие три вида на опера;<br>- следење на опери од композиторите на Франција, Италија и Германија;<br>- организирање посета на оперска куќа. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |
| **Џоакино Росини, Виченцо Белини, Гајтано Доницети** | | - Да ги памети карактеристиките на најпопуларните опери на Белини, Доницети и Росини;<br>- да препознава и илустрира содржини од популарни опери Белини – опера "Норма", опера "Лучија ди Ламермур" – Доницети и опера "Севилскиот бербер" – Росини. | - Подготвување аудио-визуелни средства, слики и цртежи за споменатите опери;<br>- изработка на мал проект за содржините на споменатите опери;<br>- користење на техники за учење: инсерт, грозд, коцка. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |
| **Ѓузепе Верди** | | - Да идентификува содржини од животот и творештвото на Ѓузепе Верди;<br>- да направи споредба со творештвото на Ѓ. Росини и Ѓ. Верди. | - Презентирање музички илустрации или видеозаписи од животот на Ѓ.Верди;<br>- организира посета на опера. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |
| **Карл Марија Вебер** | | - Да препознава особености на творештвото на К. М. Вебер;<br>- да разликува сегменти на драмската нота во операта во "Волшебниот стрелец". | - Презентирање аудио или видео записи за К. М. Вебер;<br>- презентирање музичко творештво од неговите претходници и правење анализа. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Рихард Вагнер** | | - Да репрудицира карактеристики од животот и творештвото на Рихард Вагнер;<br>- да ја дефинира идејата за реформа на операта;<br>- да го објаснува процесот на создавањето на музичката драма. | - Организирање групна форма на работа за анализа на творештвата на Вагнер;<br>-презентирање на аудио-визуелни записи за животот и творештвото на Вагнер. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |
| **Жорж Бизе** | | - Да дискутира за животот и творештвото на Ж. Бизе;<br>- да го парафразира либретото на операта "Кармен". | - Организирање групна форма на работа за компарација помеѓу творештвата на Верди, Вагнер и Ж. Бизе;<br>- организирање изработка на пано со животниот пат и творештвото на Верди, Багнер и Бизе. | - Историја на музиката;<br>- литература;<br>- ликовна уметност. |
| **Веризам во италијанската опера Маскањи, Леонкавело и Пучини** | | - Да го употребува поимот веристичка опера;<br>- да го спореди оперското творештво на Маскањи, Леонкавело и Пучини;<br>- да изнаоѓа веристички карактеристики во популарни опери од Маскањи, Леонкавало и Пучини. | - Презентирање музички илустрации и видеозаписи од познатите опери: "Палјачи", "Кавалерија Рустикана", "Тоска" и "Мадам Батерфлај". | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Анализа на творештвото** | | - Да препознава фрагменти од опери во романтизмот и реализмот, како и нивните автори;<br>- да дискутира за спојот на видовите уметности во музичко-сценски дела. | - Подготвување музички илустрации, аудио-визуелни средства, слики и цртежи од опери во романтизмот во Италија, Германија и Франција. | - Историја на музиката. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Романтизмот во словенските земји** | | - Да ги препознава обележјата на романтизмот кај словенските народи во XIX век;<br>- да ги препознава националните обележја во одредени музички дела;<br>- да резимира сознанија за претставниците на музичката уметност кај словенските народи во романтизмот. | - Презентирање ликовни и музички илустрации, записи, слики, цртежи од овој период;<br>- организирање групна форма на работа: компарација со останатите уметности од словенските автори од XIX век. | - Литература;<br>- ликовна уметност;<br>- историја на уметност;<br>- историја. |
| **Романтизмот во Полска преку творештвото на Фредерик Шопен** | | - Да памти биографски податоци од животот и творештвото на Ф. Шопен;<br>- да пронаоѓа елементи на клавирскиот романтизам;<br>- да го споредува клавирското творештво на Лист – Шопен. | - Подготвување аудио-видео записи за творештвото на Ф. Шопен;<br>- организирање табеларен пресек на творештвото на Шопен. | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Романтизмот во Русија – М. Глинка и “Руска Петорка”** | | - Да ги разликува карактеристиките на творештвото од М. Глинка и членовите на “Руската петорка” (Бородин, Мусоргски, Корсаков);<br>- да ја дефинира главната идеја на композиторите од “Руската петорка”;<br>- да споредува сличности и разлики во нивните дела. | - Подготвување музички илустрации за творештвото на Глинка, Бородин, Корсаков, Мусоргски. | - Историја на музиката;<br>- историја. |
| **Петар Илич Чајковски** | | - Да именува сознанија за животот и творештвото на П. И. Чајковски;<br>- да проценува одредени вредности на музичко-сценските дела. | - Подготвување аудио-визуелни записи за творештвото на П. И. Чајковски;<br>- организирање изработка на табела за творештвото на Чајковски. | - Историја на музиката;<br>- литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Романтизмот во Чешка – Беджих Сметана** | | - Да препознава основни карактеристики на романтизмот во Чешка;<br>- да наведува знаења за животот и творештвото на Беджих Сметана. | - Презентирање записи од енциклопедии, компјутерски записи и музички илустрации за творештвото на Б. Сметана. | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Антоњин Дворжак** | | - Да дискутира за содржини од животот и творештвото на А. Дворжак;<br>- да направи споредба помеѓу творештвото на Б. Сметана и А. Дворжак. | - Организирање групна работа: поврзување на знаењата за творештвото од руските и чешките претставници;<br>- анализа на популарно творештво од Сметана и Дворжак преку однапред подготвен прашалник на наставникот. | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Романтизмот во Норвешка, Финска и Шпанија (Едвард Григ, Јан Сибелијус, Мануел де Фаља)** | | - Да разликува карактеристики на романтизмот во Норвешка, Финска и Шпанија за програмска музика на Е. Григ (оркестарска свита “Пер Гинт”), на Јан Сибелиус (симфониска поема “Финска”), Мануел де Фаља (свита од балетот “Тророгиот шешир”);<br>- да споредува музички дела од овие три различни земји (Норвешка, Финска и Шпанија). | - Организирање групна работа: поврзување на знаењата за програмска и оркестарска музика во романтизмот како кај западноевропските народи така и кај словенските народи;<br>- анализирање на музички дела од трите композитори: Едвард Григ, Јан Сибелијус и Мануел де Фаља. | - Историја на музиката;<br>- литература;<br>- историја. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на творештвото** | | - Да слуша активно, да доживува и индивидуално да ја проценува музиката од претставниците на романтизмот кај словенските народи. | - Подготвување аудио-визуелни средства и оспособување на учениците за самостојна способност за препознавање и естетско вреднување на музичките дела од романтизмот, како и способноста за критичко вреднување на делата. | |
| **Музички импресионизам** | | - Да идентификува и споредува обележја на импросионизмот во ликовната, литературната и музичката уметност;<br>- да се запознае со претставниците на музичкиот импресионизам. | - Презентирање ликовни илустрации, цртежи, слики, видеозаписи и музички илустрации од импресионизмот. | - Историја на музиката;<br>- ликовна уметност;<br>- литература. |
| **Клод Дебиси** | | - Да дискутира за содржини од животот и творештвото на Клод Дебиси (музичко-сценски дела, солопесни и програмска музика);<br>- да ги открива елементите на лирската драма во операта "Пелас и Мелисанда". | - Организирање групна форма на работа – творештвото на К. Дебиси. | - Историја на музиката;<br>- литература. |
| **Морис Равел** | | - Да дискутира за животот и творештвото на Морис Равел;<br>- да споредува елементи од програмска, камерна и инструментална музика на Дебиси – Равел. | - Подготвување задачи преку видеозаписи и аудиосредства за творештвото на М. Равел;<br>- организирање групна работа: анализа на делата на М. Равел. | - Историја на музиката;<br>- литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на творештвото** | | - Да ги препознава основните карактеристики на музичкиот импресионизам;<br>- да ја проценува вредноста на музичкиот импресионизам | - Подготвување аудио-визуелни средства за творештвото од Равел и Дебиси;<br>- организирање посета на концерти. | |
| **Музика во XX век** | | - Да ги препознава обележјата на музиката од XX век;<br>- да дискутира за стиловите: политоналност, експресионизам, атоналност, додекафонија, неокласицизам;<br>- да ги разликува особеностите на четвртонска и електронска музика. | - Организирање групна форма на работа за препознавање на музиката и стиловите на XX век;<br>-изработка на пано за стиловите на XX век. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература;<br>- ликовна уметност. |
| **Игор Стравински** | | - Да дискутира за животот и творештвото на И. Стравински;<br>- да пронаоѓа елементи на неокласицизмот и модерните стилови во балетот “Посветување на пролетта”. | - Подготвување аудио-визуелни средства за творештвото на И. Стравински. | - Историја на музиката. |
| **Сергеј Прокофјев** | | - Да даде краток осврт за животот и творештвото на С. Прокофјев;<br>- да пронаоѓа елементи на експресионизмот во балетот “Ромео и Јулија”. | - Подготвување музички дела со звучни илустрации од творештвата на С. Прокофјев. | - Историја на музиката;<br>- литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Арнолд Шенберг** | | - Да искажува сознанија за животот на А. Шенберг;<br>- да ги одделува елементите од трите периоди од неговото творештво. | - Организирање групна работа: запознавање, поврзување и споредба со творештвото на А. Шенберг од сите спомenати стилови на XX век. | - Историја на музиката. |
| **Анализа на творештвото** | | - Да даде краток осврт на музиката од XX век; | - Организирање групна форма на работа-анализа на музичките дела;<br>- организирање посета на концерти, опери и балети. | |
| **Македонската музика во XX век** | | - Да препознава историски настани во Македонија помеѓу двете светски војни;<br>- да дискутира за претставници на македонската музика помеѓу двете светски војни, како и за претставниците по Втората светска војна. | - Презентирање музички примери од овој период. | - Историја на музиката;<br>- историја. |
| **Првата композиторска генерација: Стеван Гајдов и Живко Фирфов** | | - Да искажува сознанија за животот и творештвото на С. Гајдов и Ж. Фирфов;<br>- да препознава дела од Гајдов и Фирфов преку слушање познати дела. | - Изготвување пано со слики и записи за животот и творештвото на С. Гајдов и Ж. Фирфов. | - Историја на музиката;<br>- историја. |
| **Трајко Прокопиев и Тодор Скаловски** | | - Да идентификува содржини од делото на композиторите Трајко Прокопиев и Тодор Скаловски;<br>- да интерпретира фрагменти од делата на Т. Прокопиев и Т. Скаловски. | - Презентирање на музички примери од Т. Прокопиев и Т. Скаловски. | - Историја на музиката;<br>- историја. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Македонски композитори по Втората светска војна: Властимир Николовски и Тома Прошев** | | - Да идентификува историски, општествени и социјални настани во Македонија по Втората светска војна;<br>- да препознава карактеристики на делата на В. Николовски и Т. Прошев. | - Презентирање на музички примери од В. Николовски и Т. Прошев. | - Историја на музиката;<br>- историја; |
| **Појава на оперската музика во Македонија преку творештвото на К. Македонски** | | - Да објаснува за почетоците на операта во Македонија;<br>- да дискутира за животот и творештвото на основоположникот на македонска опера К. Македонски. | - Презентирање записи од аудиовизуелни средства за творештвото на К. Македонски;<br>- организирање посета на опера "Цар Самуил" или следење на видеолента. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- литература. |
| **Појава на балетската музика во Македонија и творештвото на Љубомир Бранѓолица** | | - Да искажува факти за почетоците на балетската уметност во Македонија;<br>- да се даде осврт за творештвото на Љубомир Бранѓолица. | - Презентирање аудио и видео-записи за балетското творештво на Глигор Смокварски и Љубомир Бранѓолица. | - Историја на музиката; |
| **Анализа на творештвото** | | - Да направи компарација помеѓу творештвото на композиторите помеѓу двете светски војни и композиторите по Втората светска војна. | - Уредување на пано за животот и творештвото на домашните претставници на музичко-сценски дела;<br>- организирање посета на опери, балети и концерти. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Појава на цез – музика** | | - Да организира дебата за појавата и карактеристиките, како и видовите на џез-музика. | - Организирање групна форма на работа: подготовка на пано за џез – музика. | - Историја на музиката;<br>- литература;<br>- ликовна уметност. |
| **Џорџ Гершвин** | | - Да дискутира за животот и творештвото на Џорџ Гершвин;<br>- да демонстрира најинтересни делови од операта "Порги и Бес". | - Подготвување аудио и видео-записи за творештвото на Гершвин. | - Историја на музиката;<br>- литература;<br>- ликовна уметност. |
| **Забавна музика (музика за филм и драма)** | | - Да ја објасни улогата на забавната музика (музика за филм и драма);<br>- да ги идентификува разните видови оркестри од забавната музика;<br>- да дискутира за создавањето на филмската и драмската музика. | - Подготвување аудио-визуелни средства, аудиоленти со инсерти од филмска и драмска музика;<br>- подготвување слики, цртежи и аудио-визуелни средства со забавна и електронска музика. | - Историја на музиката;<br>- литература;<br>- ликовна уметност. |
| **Модерни стилови и жанрови на XX век** | | - Да организира дебата за постанокот на новите стилови во музиката. | - Организирање групна работа: изработка на пано за модерните стилови во XX век. | - Историја на музиката. |
| **Анализа на творештвото** | | - Да подготвува есеи на тема: "Музичкиот фолклор како доминантен елемент застапен во џезот, забавната и модерната музика". | - Организирање групна работа за анализа на творештвото од модерните музички стилови. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО**<br><br>**Носијата и обичаите како дел од нашето фолклорно богатство** | 7 часа (ориента-ционо) | - Да идентификува и наведува особености на народната носија и обичаите во нашите краишта;<br>- да развива желба, љубов и интерес за обичаите и обредите во нашите краишта за одредени важни настани во човечкиот живот или поврзани со поголемите празници. | - Подготвува аудио-визуелни средства, шеми, слики, цртежи и интересни записи за народните обичаи и народните носии;<br>- ги задолжува учениците да подготват албум со слики на носии од разни краишта и записи на анегдоти и легенди за постанокот на народните песни и ора. | - Музички фолклор;<br>- мајчин јазик и литература;<br>- ликовна уметност. |
| **Мотивот на разделба и печалбарството во народната музика** | | - Да открива причини (историски и општествени) за појавата на печалбарство-то во Македонија;<br>- да го објасни поимот печалбарство и раз-делба поврзано со народното творештво (песни, ора, народна поезија). | - Подготвување аудио-визуелни-те средства и компјутерски записи. | - Музички фолклор;<br>- мајчин јазик и литература;<br>- историја на музиката. |
| **Изворната народна песна и новосоздадената песна со фолклорни елементи** | | - Да прави разлика помеѓу изворна од новосоздадена песна со фолклорни елементи;<br>- да развива љубов и интерес кон изворната песна и фолклорот;<br>- да разликува домашни и странски влија-нија во новосоздадената песна. | - Подготвување аудио-визуелни средства, слики, цртежи, записи за народната песна и новосозда-дената музика;<br>- организирање подготовка за изведба на анкета на тема: “Влијанието на новосоздадената музика врз младите”. | - Музички фолклор;<br>- мајчин јазик и литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Обработка на народна песна** | | - Да дискутира за главните карактеристики на народната песна;<br>- да анализира на свој начин 3-5 народни песни. | - Организирање групна форма на работа за изготвување на пано со народни песни;<br>- подготвување аудио-визуелни средства за вокална интерпретација на народната песна. | - Музички фолклор;<br>- мајчин јазик и литература. |
| **Македонскиот фолклор во модерни стилови** | | - Да го идентификува влијанието на фолклорот врз поп-музиката, рокот, џезот и етно-музика;<br>- да разликува популарни композиции со елементи од македонскиот фолклор во модерни стилови. | - Презентирање на аудио-визуелен материјал за македонскиот фолклор во модерните стилови. | - Музички фолклор. |
| **Песната и коренот** | | - Да презентира текстови за постанокот на одредени народни песни, различни по карактер;<br>- да собира народни песни;<br>- да врши класификација на народните песни според видот. | - Организирање групна форма на работа за постанокот на определени народни песни;<br>- подготвување музичко-поетска вечер посветена на македонското народно творештво. | - Музички фолклор;<br>- мајчин јазик и литература. |
| **Анализа на народното творештво** | | - Да подготвува есеи на тема: “Познавање и влијание на македонското народно творештво врз младиот човек денес”. | - Организирање групна работа за анализа на македонското народно творештво. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. МУЗИЧКИ ФОРМИ**<br>**Мала дводелна и триделна песна** | 7 часа | - Да ја препознава дводелноста и триделноста на песната;<br>- да разликува мала дводелна од мала триделна песна. | - Подготвување аудио-визуелни средства, шеми, слики, цртежи и плакати. | - Музички форми;<br>- теорија на музиката. |
| **Сложена триделна песна (менует, мазурка, марш)** | | - Да дискутира за формата на сложената триделна песна;<br>- да разликува различните видови на сложена триделна песна;<br>- да го препознава ритамот и структурата на споменатите форми на сложената триделна песна. | - Подготвување аудио-визуелни средства и музички примери за сложена триделна песна. | - музички форми;<br>- теорија на музика. |
| **Свита, соната, концерт, фуга** | | - Да дефинира сознанија за посложени музички форми: свита, соната, концерт и фуга;<br>- да набројува карактеристики на споменатите форми. | - Подготвување аудио-визуелни средства и музички примери за споменатите форми;<br>- организирање групна форма на работа за активно слушање и анализа на споменатите форми. | - Музички форми;<br>- теорија на музиката. |
| **Класична соната и симфонија** | | - Да ги препознава формалните структури на класичната соната и симфонија;<br>- да ги именува карактеристиките на споменатите форми преку активно слушање. | - Подготвување аудио-средства и музички примери за споменатите форми. | - Музички форми;<br>- теорија на музиката. |
| **Соло- песна и клавирска минијатура** | | - да препознава форма на структура на соло – песна и клавирска минијатура. | - Организирање групна форма на работа за активно слушање и анализа на истите (споменати) форми; | - Музички форми;<br>- теорија на музиката; |
| **Опера, оперета, балет** | | - Да разликува елементи помеѓу наведените музичко-сценски дела. | - подготвување аудио-визуелни средства, цртежи, слики и фотографии. | - историја на музиката; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на творештвото на музичко-сценски дела<br><br>**4. МУЗИЧКА ТЕОРИЈА**<br>**- Откривање на квинтен круг нагоре и надолу со бемоли и диези**<br>**- Дурски скали со 3 предзнака: A – dur и Es – dur**<br>**- Молски скали со 3 предзнака: fis-moll и c-moll**<br>**- Анализа на теоријата на музиката**<br><br>**5. ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА**<br><br>**- Песни во новите тонски скали**<br><br>**- Народни, уметнички** | 4 часа<br><br>7 часа | - Да дискутира за либретото на познати музичко-сценски дела преку читање на истото.<br><br>- Да ги препознава скалите од квинтниот круг и нагоре и надолу;<br>- да ги лоцира новите скали A-dur и Es-dur;<br>- да пее мелодиски вежби во нови скали;<br>- да споредува паралелните дурски со молски скали со 3 предзнака;<br>- да ги препознава местата на тоновите;<br>-да чита и пее тонови во споменатите скали;<br>- да солфежира кратки канони и вежби во споменатите скали.<br><br>- Да демонстрира нови песни во A-dur и Es-dur.<br>- да ја препознава содржината и карактерот на песните;<br>-да дискутира за содржината и карактерот на песните; | -организирање посета на оперски и балетски претстави.<br><br>- Подготвување шеми за квинтниот круг нагоре и надолу;<br>- подготвување вежби во новите скали;<br>- подготвување магнетна табла, подвижна нота и шеми на тонски скали;<br>- подготвување вежби во новите скали;<br>- подготвува канони и вежби во новите скали;<br>- подготвување партитури и збирки на песни во новите тонски скали.<br><br>- Подготвување песни во новите тонски скали.<br><br>- организирање групна работа и анализа на песни и партитури. | - Теорија на музиката.<br>- солфеж.<br><br>- Вокална техника;<br>- солфеж;<br>- теорија на музиката;<br>- литература.<br>- историја. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **револуционерни песни**<br><br><br><br><br>**- Фрагменти од познати опери и симфонии**<br><br>**- Музичка креативност** | | - да ја идентификува содржината и карактерот на песните;<br>- да се приспособува за обработка на песни во новите скали;<br>- да поттикнува патриотски чувства;<br>- да го објаснува карактерот на литературниот текст;<br>- да ја дефинира содржината од фрагменти на популарни опери;<br>- да интерпретира познати фрагменти од популарни опери и симфонии;<br>- да развива интерес за индивидуално и колективно творење;<br>- да развива способност за дополнување на ритмичко-мелодиски целини;<br>- да создава вежби и кратки целини од изучените скали;<br>- да препознава фрагменти од дела на познати автори; | - Подготвување партитури со познати фрагменти од познати опери;<br>- подготвување музички крстозбори, музички ребуси, музички скривалки;<br>- подготвување аудио-визуелни средства. | - историја на музиката; |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење (активности на наставникот и на ученикот)

Во остварувањето на целите во задолжителните програми и активности по **музичка уметност** ќе се користат веќе познатите методи и форми на активна настава и современата педагошка технологија во едукативниот процес.

**Активности на наставникот:** објаснува; демонстрира; дава инструкции; поставува задачи; ги вреднува задачите; дискутира; прави и води забелешки; регистрира; презентира; организира и води мали проекти; обучува за практична работа и активности на учениците, организира посети на опери, концерти и други манифестации, формира и раководи со хор, оркестар, камерни музички состави и сл.

**Активности на ученикот:** слуша; набљудува; увежбува; демонстрира; повторува; дискутира; проверува; применува; истражува; учи во парови; учи во групи; самостојно учи, вокално или инструментално интерпретира; користи разни извори на знаења; посетува опера, балет, концерт;
Од формите ќе се користат фронталниот, индивидуалниот и групниот облик на работа. Користењето на формите, методите и постапките на работа, наставникот ги осмислува непосредно при планирањето на наставниот час и операционализацијата во конкретни активности кои ќе ги реализира на часот. Користењето на формите и методите ќе биде усогласено со материјално-техничките и просторните услови на училиштето, возраста и предзнаењата на учениците и нивниот интерес.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Основна насока на наставата по **музичка уметност** е креативно разрешување на поставениот музички проблем за што ќе се користат основните законски документи (Наставната програма и видовите планирања), со посебно нагласување на активностите на наставникот и ученикот во организацијата и остварувањето на часот. Образовниот процес претежно ќе се реализира во кабинетот по музичка уметност и посета на други институции кои овозможуваат да се реализираа наставата (пр. оперско - балетска куќа; Македонска филхармонија и други објекти). Во текот на работата со учениците ќе се има предвид солидната комуникација на релацијата: наставник-ученик и обратно, задоволување на нивните потреби и интереси, оспособување на учениците за доживување на музиката и самостојно размислување за естетските и други вредности и развивање љубов кон музичката уметност преку што ќе се надградува музичката култура.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во остварувањето на целите на наставата по музичка уметност треба да се обезбедат наставни средства и помагала според Нормативот за наставни средства за гимназиско образование меѓу кои најзначајни се:
- музички инструменти од составот на симфонискиот оркестар, т.е. за уметничка музика;
- музички инструменти со електронска техника;
- музички инструменти од областа на изворното народно музичко творештво;
- музички инструменти кои се користат за секојдневна намена.

#### 4.4.1. Технички помагала:
- касетофон (во стереотехника);
- музички систем составен од радио, касетофон и грамофон (во стереотехника);
- видеорикордер; CD;
- фонотека (збирка на аудиокасети, видеокасети);
- комјутер со музичка програма за изработка на партитури и можности за нивно репродуцирање и печатење на печатар;
- звучна табла;
- камертон и др.

Особено се значајни редовните посети во МНТ (оперско - балетска куќа), Македонската филхармонија и други установи каде може практично да се доживее и реализира наставата по музичка уметност.

#### 4.4.2. Учебници и учебни помагала за учениците:
- учебник прилагоден на предвидената програма за оваа година;
- работна тетратка со поставени работни задачи;
- помали збирки со композиции кои би можеле да го совладуваат избраниот инструмент;
- брошури од популарен вид на музичката уметност;
- музичка литература од информативен карактер;
- водичи низ музичката уметност и музичката култура;
- илустрирани изданија и сродни музички публикации за широк аудиториум на корисници;
- друга литература и музикалии од значење на нивниот интерес и потреби во совладувањето на оваа наставна програма, како и за проширување на нивните музички и културни хоризонти.

### 4.4.3. Дополнителна литература за наставниците:

- музички лексикони;
- музичка енциклопедија;
- збирка на вокални композиции или поединечни партитури;
- збирка на инструментални композиции или поединечни партитури;
- збирка на вокално - инструментални композиции;
- збирка на изворни народни песни;
- литература од обласа на историјата на музиката;
- монографии од обласа на музичката уметност;
- литература од обласа на музичките форми;
- литература од обласа на изворното народно музичко творештво;
- методики за музичка настава;
- друг вид на литература и музикалии од значење за реализацијата на програмата.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Знаењата, способностите и постигањата на учениците по **задолжителните изборни програми и содржини по музичка уметност** се оценуваат формативно во текот на првото и второто полугодие и сумативно на крајот на учебната година.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**- Основни карактеристики на наставникот**

Од наставниот кадар се очекува да ги поседува следните карактеристики на **персонални, стручни и педагошки** вредности:
- да биде психички и физички здрав;
- да го владее македонскиот литературен јазик и кирилското писмо;
- да е добар предавач и организатор на работата;

- да поседува квалитетни способности за комуникација со учениците, родителите, колегите и други странки;
- да биде креативен и да се залага за иновирање во наставниот процес;
- да поседува адекватно професионално стручно образование;
- да ја сака и почитува педагошката професија;
- да применува современа образовна технологија;
- да нема говорни мани.

**- Стандард за наставен кадар**

Завршени студии на:

1. Факултет за музички уметности – оддел за музичка теорија и педагогија;
2. Факултет за музички уметности ( други оддели) со стекната педагошка доквалификација на факултетот за музичка уметност.

**- Стандард за простор и опрема**

Остварувањето на програмските цели по **задолжителните изборни програми и содржини по музичка уметност е потребен музички кабинет или специјализирана училница** која е опремена со материјално –технички и дидактички средства согласно Нормативот за простор и наставни средства. Кабинетот да поседува и просторија за подготовки на наставникот која, покрај другото, ќе служи и како дидактичка остава за чување на материјално – техничките средства, стручна литература, инструменти и друго.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- **Датум на изработка:** јануари 2002 година.

- **Состав на работната група:**
- Анкица Витанова, советник, Бирото за развој на образованието – Скопје, раководител
- Живоин Глишиќ, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност - Скопје
- Силвана Гелевска, професор во Гим. „Јосип Б. Тито" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **задолжителните изборни програми и содржини по музичка уметност** ја одобри (донесе):

________________________________________________________________ со решение бр. ______________

од ______________2002 година.